Доцент Мария Амповска

# О правовой основе местного самоуправления в Республике Македония и проблемах реализации

1. Временски рамка на процесот на децентрализација во Република Македонија

1.1. Прв период – период од донесување на Устав на Р. Македонија од 1991 до донесување на Закон за локална самоуправа од 2002

Иако Уставот на Република Македонија од 1991 година содржи пакет норми во рамките на кои се регулира статутот, надлежносите и финасиската самостојност на локалната самоурава како и положбата на Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, сепак со Законот за локална самоуправа од 1995 година не се постигна операционализација на истата. Во овој период беа донесени повеќе стратешки документи кои му предходеа на новиот Закон за локална самоуправа од 2002 година како што се Стратегијата за реформи во локалната самоуправа од 1999 година и Охридскиот рамковен договор од 2001 година заедно со уставните амандмани кои произлегоа од овој договор. Овие документи системот на локална самоуправа го дефинираат согласно со Европската повелба за локална самоуправа усвоена од страна на Советот на Европа во 1985 година која што е ратификувана од страна на Собранието на РМ во 1997 година.

1.2. Втор период – период од донесувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 до денес

Во јануари 2002 година, Собранието на РМ го донесе Законот за локална самоуправа[1] кој претставува правна рамка за востановување на новиот систем

[1] "Службен весник на Р.Македонија" бр.5/2002

на локална самоуправа во РМ. Во согласност со одредбите на Охридскиот рамковен договор, ревизијата на границите на единиците на локалната самоуправа беше направена со Законот за територијална организација на локалната самоуправа[2] и со Законот за град Скопје[3]. Со цел да се осигура адекватен систем на финансирање кој ќе им овозможи на локалните власти да ги исполнат своите одговорности, во септември 2004 година е донесен Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[4]. Во функција на заокружување на системот на локалната самоуправа се донесоа и следниве закони: Закон за меѓу-општинска соработка[5], Закон за рамномерен регионален развој[6] Закон за државниот инспекторат за локална самоуправа.[7] За целосна операционализација беше потребно промена на преку 50 материјални закони кои директно се поврзани со изворните надлежности на локалните единици. Со самото тоа се постави нормативната рамка на функционаланата децентрализација на власта.

2. Проблеми при реализација на локалната самоуправа

Повеќе години по трансферот на надлежностите и ресурсите од централно на локално ниво, развојот на капацитетите на единиците на локалната самоуправа за вршење на работи од децентрализираните надлежности согласно член 22 од Законот за локална самоуправа сеуште претставува еден од клучните предизвици на реформата на системот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација во Република Македонија.

---

[2] "Службен весник на Р.Македонија" бр.55/2004
[3] "Службен весник на Р. Македонија " бр.55/04
[4] "Службен весник на Р.Македонија" број 61 /2004,96/2004,67/2007,156/200947/2011
[5] "Службен весник на Р.Македонија" број 79/2009
[6] "Службен весник на Р.Македонија" бр.63/2007.187/2013,43/2014
[7] "Службен весник на Р.Македонија" бр 58/2010,187/2013,43/2014

Како фактори што влијаат за ваквата ситуација се наведуват монотипниот облик на општините, дуплирање на надлежности помеѓу општините, односот помеѓу општините во градот Скопје и Градот Скопје, кадровските и технички капацитети на единиците на локалната самоуправа, непостоењето поголема финансиска автономија на единиците на локалната самоуправа, координација помеѓу главните носители во процесот на децентрализација и недоволната искористеност на алтернативните начини за спроведување на децентрализираните надлежности.

Она што може да се констатира во однос на досегашната имплементација на процесот на децентрализација, согласно оценките во Годишните извештаи за напредок на Република Македонија е континуирано укажување на слични забелешки, а тоа е диспаритетот помеѓу општините, разлики во обезбедување на услуги, проблемот со долговите во општините, зајакнување на финансиската стабилност, како и јакнењето на административните капацитети и посебно се збележува дека институциите од централно ниво, конкретно Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, поактивно да се вклучат во процесот и да се превземат конкретни мерки за забрзување на процесот на децентрализација. Она што правните теоретичари и истражувачи го констатираат во однос на спроведувањето на функционалната децентрализација е дека постојат големи разлики помеѓу она што е законски регулирано de lege lata и она што е предвидено со програмите за децентрализација, од она што се случува во практиката de lege ferenda. Имено фактичката состојба говори дека во иднина треба да се превземат конкретни чекори и мерки за доследно ефектуирање на констираните проблеми.